**Број: 04-792/7**
**Датум: 27.07.2021 година**

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-792/6 од 27.07.2021 година, за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Ревизор за меѓународна соработка, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-792/4 од 20.07.2021 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-792/2 од 12.07.2021 година, Главниот државен ревизор донесе:

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат за унапредување на работно место**
**Ревизор за меѓународна соработка**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место Ревизор за меѓународна соработка по Интерен оглас заведен под број 04-792/2 од 12.07.2021 година, се избира кандидатот Катерина Терзиоска.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2021 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на Државен завод за ревизија за 2021 година за унапредување од Министерство за финансии број бр.24-5047/2 од 10.06.2021 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-792/2 од 12.07.2021 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Ревизор за меѓународна соработка.

Согласно Извештајот за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Ревизор за меѓународна соработка број 04-792/6 од 27.07.2021 година, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-792/4 од 20.07.2021 година, за работното место за кое е објавен интерниот оглас, конкурирал еден кандидат и тоа вработената Катерина Терзиоска, која ги исполнувала општите и посебните услови за работното место и ги дала потребните

одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 23.07.2021 година, Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор да донесе Одлука за избор на кандидатот, вработената Катерина Терзиоска за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: Весна Симоновска, МБА
Контролирал: М-р Александар Поповски